A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ
УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 04.11.2019

На 04.11.2019 во 01.00 часот полициски службеници од СВР Скопје од ул. „Тодор Александров" го привеле Ф.Д.(26) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.11.2019 во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Б.С.(37) и Н.С.(20) од Куманово и С.К.(24) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 03.11.2019 во 16.15 часот полициски службеници од СВР Скопје од подрачјето на Бит Пазар го лишиле од слобода С.Н.(27) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.11.2019 во 00.50 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го привеле М.П.(20) од Куманово, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на 01,02 и 03.11.2019, на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и е констатирано дека 28 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 107 возачи, од кои: 52 возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 44 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и 11 возачи - почетници кои не ги почитувале сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и 43 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се 12 возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, три возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, три возачи поради неправилно престројување, седум возачи поради неправилно престигнување, три возачи поради недавање на првенство на минување на возила во зона на крстосница, три возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, шест возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 23 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатите денови издадени се 170 мандатни платни налози и 134 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 03.11.2019 во 22.50 часот на ул.„Благоја Паровиќ" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „фолксваген голф", со

скопски регистарски ознаки, управувано А.Ч.(18) од Скопје и патничко моторно возило „форд фиеста", со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.А.(47) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Н.А., а со телесни повреди се здобил А.Ч., по што биле пренесени во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од екипа од СВР Скопје.

Во периодот од 28.10 до 04.11.2019 на подрачјето на СВР Куманово преземени се мерки и активности и констатирано е дека 56 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, од сообраќај се исклучени 74 возачи, и тоа: 50 возачи кои управувале под дејство на алохол и 24 возачи кои управувале возила пред да се стекнат со право за управување на моторно возило. Од сообраќај се исклучени и 18 возила, бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се осум возачи поради користење мобилен телефон за време на управување на моторно возило, еден возач поради непрописно престројување и еден возач поради недавање првенство на минување. Регистрирани се и 19 прекршоци кои ги прават пешаците. Во текот на изминатата недела издадени се 329 мандантни платни налози, 104 прекршочни платни налози, а 69 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 03.11.2019 во 11.20 часот кај с.Слупчане, општина Липково, Ј.Д.(19) од с.Алашевце, општина Липково, управувајќи патничко моторно возило „фолксваген голф", со кумановски регистарски ознаки, излетал од патот и се превртел. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово.

Во периодот од 22.00 часот на 02.11.2019 до 04.00 часот на 03.11.2019 СВР Штип спроведе акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола кај 33 возачи било утврдено присуство на алкохол. Сите биле исклучени од сообраќај, возачките дозволи им биле одземени и издадени им се мандатни платни налози. Санкционирани се и 40 останати прекршоци.

На 03.11.2019 во 16.10 часот на автопатот „Миладиновци-Штип", кај клучка за с.Преод, патнички автомобил „голф", со скопски регистарски ознаки, управуван од Г.К.(19) од Скопје изгубил контрола и излетал надвор од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со телесни повреди, а сопатникот А.С.(19) од Скопје се здобил со тешки телесни повреди и биле пренесени во

Клиничката болница Штип за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа на Полициската станица Свети Николе.

На 03.11.2019 во 13.30 часот во Полициската станица Центар, Г.М.(34) од Скопје пријавил дека на плоштад „Македонија" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Во периодот од 22.00 до 04.00 часот на 02.11.2019 на територијата на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. Притоа, биле откриени 16 прекршоци, од кои четири во Велес, осум во Кавадарци и четири во Неготино. За сите прекршоци изречени се соодветни казни.

Во периодот од 21.00 часот на 02.11 до 03.00 часот на 03.10.2019 на подрачјето на СВР Струмица бил спроведена акциска контрола со цел откривање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, кај 23 возачи било констатирано присуство на алкохол и тие биле соодветно санкционирани.

На 03.11.2019 во 17.20 часот во Полициската станица Центар, С.К.(20) од Скопје пријавила дека во близина на фонтаната во Градскиот парк била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

На 04.11.2019 околу 01.00 часот на ул.„Живко Брајковски" во Гостивар полициски службеници од Полициска станица Гостивар ги лишиле од слобода С.Н.(21) и Х.Б.(18) од Гостивар, затоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 30.10.2019 во 19.50 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода И.С.(34) од Куманово, поради тоа што за него бил распишан централен распис за бегство од Казнено-поправната установа Идризово. Лицето било спроведено до Казнено-поправната установа Идризово.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.В.(31) од селото Горенци, општина Дебарца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". Таа, на 01.10.2019, започнала вербална расправија со Д.В.(78) од село Мешеишта, а потоа и физички ја нападнала.

Полициски службеници од СВР Битола, во периодот од 22.00 часот на 02.11 до 04.00 часот на 03.11.2019 извршиле акциска контрола за откривање на возачи кои управуваат моторни возила под дејство на алкохол. Притоа, констатирано е дека под дејство на алкохол управувале **35** возачи, кои биле исклучени од сообраќај. Констатирани биле и **38** останати прекршоци. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 03.11.2019 околу 05.00 часот на регионалниот пат Берово-Делчево, во близина на место викано „Црничка чекална", патничко возило ,,сузуки", со делчевски регистарски ознаки, управувано од А.М.(20) од с. Град, делчевско, изгубило контрола и излетало од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот и бил пренесен во Клиничката болница Штип. Увид на местото на настанот извршила екипа на Полициската станица Берово.

На 03.11.2019 околу 20.50 часот во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје, Д.М. од Скопје се однесувал агресивно кон полициски службеник при вршење на службени дејствија. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ш.Л.(26) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела „разбојништво". На 03 и на 06.08.2019 на подрачјето на Скопје, во две продавници и тобако, пријавениот со закана извршил разбојништво над вработените, при што одзел пари. Од полициски службеници бил извршен претрес на дом и други простории кај пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиштол марка „екол" и предмети кои потекнувале од извршените кривични дела.

На 04.11.2019 околу 02.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.,,Методија Андонов Ченто'', поради меѓусебно нетрпение, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.К.(34) и Б.К.(29), двајцата од с.Зелениково, скопско. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 03.11.2019 во 10.43 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на планината Кожуф имало повредено лице при лов. Полициски службеници излегле на местото на настанот, на место викано „Мала рупа" и констатирале дека М.Т.(31) од с.Богородица бил погоден од куршум од Б.Ѓ.(52) од Гевгелија и починал на местото на настанот. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош од Гевгелија. Б.Ѓ. бил приведен во полициска станица, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција. По целосно расчистување на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.11.2019 во 15.00 часот во СВР Скопје, Ј.И.(41) од Скопје пријавил дека во 14.45 часот на бул.„Февруарски поход'' бил физички нападнат со метален предмет од Ф.Р. и Л.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.11.2019 во 18.00 часот во Полициската станица Гази Баба дошол О.К. (53) од Скопје и го нарушил јавниот ред и мир со гласно викање, а упатил и закани кон полициски службеник. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.11.2019 година во 00.02 часот во Полициска станица Струмица било пријавено дека на магистрален пат А4 Струмица - Ново Село, во с.Дабиле, се случила сообраќајна незгода во која патничко моторно возило „фиат пунто", со струмички регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(23) од с.Секирник удрило во пешак В.В (59) од с.Дабиле. Од здобиените повреди пешакот починал на самото место. Увид на местото на незгодата извршила екипа на Полициска станица Струмица.
На 03.11.2019 во 15.00 часот во СВР Скопје било прјавено дека во дом на своја пријателка на ул.„Водоча" во Скопје бил пронајден починат И.Т.(29) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино поднесе кривична пријава против М.Ш.(43) од Скопје и Ј.К.(41) од Неготино. На 24.04.2019 во с.Копришница, демиркаписко, на место викано „Селиште", полициски службеници при извршен претрес во викенд куќа во сопственост на второпријавениот, пронашле и одземале рачна „шок" бомба и 62 маневарски куршуми, калибар 7,62x39мм, за кои истиот изјавил дека му биле оставени на чување од првопријавениот. По преземени мерки било утврдено дека првопријавениот, вработен во МВР како ракувач со материјални средства и опрема, противправно ги присвоил горенаведените предмети.

На 04.11.2019 во 02.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с. Батинци, скопско, настанал пожар во возило „ауди", сопственост на К.Н.(67), а било зафатено и возило „мицубиши". Извршен бил увид.

На 03.11.2019 во 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека едно лице со закана одзело пари од вработена во продавница на ул.„Архиепископ Доситеј" во Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

(/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)